РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-2185/2
22-07-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст : ДКСК), на 35-та седница одржана на 16.07.2026 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-1302/1 од 02.04.2024 година, оформен по пријава со наводи за сомневања за финансиски злоупотреби во работењето на ------------ **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување по предметот, бидејќи ------ на Република Северна Македонија е професионално здружение регистрирано согласно Законот за здруженија и фондации и управителите и вработените во ------ не претставуваат службени лице во смисла на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со 12-1302/1 од 02.04.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До ДКСК, на ден 02.04.2024 година, доставена е пријава со број 12-1302/1 , во која се изнесени наводи за можни финансиски злоупотреби во работењето на ------------.

Во пријавата се наведува дека на ден 07.03.2024 година до ------ испратил барање за доставување на податоци кои се однесуваат на финансиското работење на ------ во периодот од 01.04.2019 до 31.12.2023 година, конкретно деталeн финансиски извештај за приходите, расходите и обртот на финансиските средства, и извештај

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr 3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

за состојбата на (не)плаќање на коморската членарина, со поименично наведување на ------- кои имаат долг по тој основ, на кое не било одговорено во утврдениот рок. Во пријавата подносителот изразува сомневање за можни финансиски злоупотреби, нотирајќи и непотврдени сознанија дека членови на органите и на телата на -------, како и административно-технички персонал, поседувале недвижности и луксузни возила чија вредност значително го надминувала нивниот личен доход.

Во насока на проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба, ДКСК побара информации и документација од ------- на Република Северна Македонија, Министерството за финансии – Управа за финансиско разузнавање, Министерството за финансии – Управа за финансиска полиција, како и изврши увид во доставената релевантна документација.

По разгледување на прибавените одговори и документација, ДКСК го констатира следното:
--------- на Република Северна Македонија е организирана како професионално здружение регистрирано согласно Законот за здруженија и фондации и управителите и вработените во Комората не претставуваат службени лице во смисла на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, па оттаму утврди дека не постојат законски основи за нејзино натамошно постапување. По дел од наводите содржани во пријавата веќе постапувале други надлежни органи.
Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател,
Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: З.Б., Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата